**З А П И С Н И К**
**од 33-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 08.02.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Влатко Станковски, Мише Милошевски, Марина Поповска, Катерина Огненовска. На седницата присутен беа претставници од основните училишта Марина Давидовска и Мирјана Пејчиновска, претставник од дом на култура Зоранчо Здравески, претставник од детска градинка „ Втори Септември“ Цане Трајчевски и директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 32 ра седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Буџет на општина Демир Хисар за 2024 година.
2. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година.
3. Донесување на Одлука за благајнички максимум на општина Демир Хисар за 2024 година.
4. Донесување на Одлука за кофинансирање на проект „Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“.
5. Усвојување на Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.
6. Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2024 година.
7. Донесување на Одлука за отуѓување на земјиште во Сопотница КП 1265 400м2 КО Сопотница сопственост на општина Демир Хисар.
8. Усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.
9. Усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2024 година.
10. Предлози и прашања.

Претседателот на Совето Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување со две точки и тоа точка 8. Усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од

01.01.2023 до 31.12.2023 година и точка 9. Усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2024 година. Други предлози немаше. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА1. Буџет на општина Демир Хисар за 2024 година***

Во врска со Буџет на општина Демир Хисар за 2024 година советникот Сашо Михајловски предложи да се планираат изградба на пат во с.Журче и реконструкција на улица во с.Мренога за овие предлози и предходно беше разговарано. Советничката Марина Димитријовска праша за даночните приходи има повеќе планирања на што се должи тоа. Претставникот од општината Марина Поповска објасни приходите се планирани на основ од предходна година со дозволено зголемување, неможи да се знае ова се планирања спрема последниот ребаланс има зголемување кај сите. Исто така објасни сите измени кои беа планирани при носењето на програмите се внесени во предлог буџетот. Во програма W0 противпожарна заштита на 424 имаше планирано 85.000 се додаде уште 80.000 имаше неплатена фактура од предходна година, во програмата за родова еднаквост се дополни со 40.000, а се намали 120.000 во програма А0 совет од разни трансфери. Потоа програмата F2 донација се крати и приход и расход нема потреба, во програмата ЕА капитални трошоци во ставка 480 се планирани 30.000 за набавка на компјутер. Во делот на расходите советничката Марина Димитријовска предложи во програма совет ставка 464 разни трансфери да се намали за 200.000, овие средства да се наменат за техничка документација за улици во Сопотница и Обедник кои беа планирани во програмата. Исто така предложи 100.000 да се поланираат за доизградба на речно корито за проект и елаборати за три населени места каде дел е изграден да се дозавршат во Сопотница, Обедник и Журче. Градоначалникот Никола Најдовски истакна да се види дали за ова се потребни проекти или ќе треба само предмер пресметка. Предлозите од советничката Марина Димитријовска беа прифатени со 11 „за“. Советникот Јордан Кромидаровски предложи да се аплицира со проектите за две улици да се направат, да се даде приоритет на ова, бидејќи оваа година се планира манифестација Смилевски конгрес . Градоначалникот Никола Најдовски додаде проекти има за улиците ќе се аплицира преку Бирото за регионален развој, оваа година има зафатено повеќе проекти и повеќе средства од општинскиот буџет се потребни за кофинансирање, но се надева дека ќе се успее сето тоа добро да се заврши, ќе се следат повиците ќе се аплицира очекува дека ќе се реализира овај проект. За предлогот од советникот Јордан Кромидаровски гласаа 11 „за“. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи од програма Д0 градоначалник ставка 426 репрезентација од планираните 500.000 да се намалат 100.000 за сметка на програма А0 совет ставка 426 репрезентација каде има планирано само 50.000 да се додадат овие 100.000 вкупно да се планирани 150.000. Потоа од програма Д0 ставка 425 правни услуги за ангажирање на адвокат да се намали општината има двајца правници тие да ја застапуваат, планираните средства за еднократна парична помош да се насочат само на лица кои имаат потреба од средства заради тешки болести каде трошоците се големи или за ситуации каде има пожар или некоја друга ситуација, а не вака како што досега се доделуваат средствата се користат за сосема други работи ако се бараат за социјални намери. Советничката Сандра Пејковска исто го дели мислењето дека вработени правници во општината ако ја застапуваат општината ги намалува трошоците, но за да може да застапува треба да има положено правосуден испит, ако сакаме така тогаш да се систематизира такво место да се вработи такво лице, затоа мислам тој предлог за намалување на адвокатски трошоци е неоправдан. Додека за средствата за еднократна парична помош се согласи повеќе пати се разговарало за ова и се согласи на лица на кои му се потребни многу средства за лекување да му се помогне, а вака се трошат многу средства, само да се види дали тоа е

законски. Треба да се направи интервенција на правилникот или да се донеси нов правилник. Советникот Валентин Нестороски додаде ние не ги укинуваме овие средства само ги насочуваме каде многу повеќе ќе помогнат, тоа е реалната слика, многу средства се трошат од оваа програма, а колку реално се искористуваат за таа намена. Исто така ако се планирани 900.000 да се доделуваат додека се искористат средствата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи на наредна седница да се донесе одлука да се исплаќа само на лекување на тешко болни лица, или семејства кои се нашле во положба на социјален ризик заради пожар, болест. Градоначалникот Никола Најдовски во својата дискусија истакна ако се разговара за ова и ако се размислува за донесување на нов правилник и менување на начинот на доделување на овие средства тоа треба да биде со консензус, за вака осетлива тема нетреба да има надгласување, ако едногласно и заеднички е ставот на сите во ред е. Советничката Марина Димитријовска се согласи да се разгледа правилникот и да се види што може да се направи. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали има согласност за предлогот за улица во Мренога и Журче да се обезбедат средства 100.000 администрацијата да одлучи од кои ставки ќе се пренаменатр средствата. Предлогот беше едногласно прифатен. Потоа на гласање беше ставен предлогот за намалување на средствата за адвокатски услуги. За предлогот гласаа 1 „за“ 10 „воздржани“ не се прифати. Други предлози немаше. За донесување на Буџетот изменет и дополнет согласо предлозите гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година немаше дискусија. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Одлука за благајнички максимум на општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за благајнички максимум на општина Демир Хисар за 2024 година немаше дискусија. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 4. Одлука за кофинансирање на проект „Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“***

За Одлуката за кофинансирање на проект „Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“ Градоначалникот Никола Најдовски објасни се однесува на тротоарот по улица Битолска имаше објавено повик, но понудата е повисока од планираното треба општината да го зголеми учеството во кофинансирањето. Советникот Јордан Кромидаровски праша како се планира да се работи, а советникот Валентин Несторовски праша што со делот кој сега се користи за паркирање. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ќе поставува бекатон плочки, а оние места кои се користат за паркинзи ќе останат. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ се донесе одлуката.

***ТОЧКА 5. Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.12.2023 година***

Кварталниот извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 до 31.12.2023 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За кварталниот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување колку проценти од одлуките и заклучоците кои ги донесол советот се реализирани исто дали има фактури кои не се исплатени или ќе бидат платени во 2024 година, како и за барањата за финансиска помош дали има неисплатени. Претставникот Александра Трајковска објасни има барања кои се одобрени, но немаат

доставено фактури. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за исплатените средства за „Ксенос“ по спор во управна постапка, потоа за исплатата на јубилејни награди, исто дали во училиштата се повлекуваат средствата ако останат на сметката на крајот од годината, истои побара објаснување за приходи кај ООУ „Гоце Делчев“ од објекти. Претавникот од општината Влатко Станковски објасни со „Ксенос“ имаше спор пред Управен суд делумно се прифати неговата жалба, на тоа се однесува оваа исплата, додека јубилејните награди се исплаќаат согласно колективниот договор. За средствата од училиштата претставникот Марина Поповска објасни се повлекуваат, но обично не остануваа средства, не се повлекува само салдото кое беше на почетокот на предходната година тоа влегува во приходите. Претставникот од училиштата Мирјана Пејчиновска објасни средствата кои остануваат се многу мали и тоа во делот на платите, се што е материјални трошоци се сведува на нула, а приходите се однесуваат од спорската сала има зголемување. Диксусија повеќе немаше. Кварталниот извештај беше усвоен со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Одлука за дополнување на Програмата за урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. При тоа објасни треба да се формира парцела да се одвои со граници. Исто одлуката беше донесена и од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС. Советничката Сандра Пејковска додаде да се направи како што треба. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Одлука за отуѓување на земјиште во Сопотница КП 1265 400м2 КО Сопотница сопственост на општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за отуѓување на земјиште во Сопотница КП 1265 400м2 КО Сопотница сопственост на општина Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни има заинтересирано лице да му се додели дел од земјиштето. Претставникот Катерина Огненовска истака дека не биле консултурани за оваа постапка, општината нема парцела, таа парцела е кај училиштето неможи да се отуѓи, инаку постапката е со јавно наддавање нема да може да го спроведи во катастар. Треба да се смени намената и општиот акт. Градоначалникот Никола Најдовски додаде неможи да се поведи постапка нема можност да му се продај, со планот е планирано да се гради детска градинка. Советникот Валентин Несторовски предложи да се направи пренамена. Претставникот Катерина Огненовска објасни треба урбанистички план нема стручен кадар. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа што ќе се планира само неможи урбанистичкиот план е кочница за сите постапки. Градоначалникот Никола Најдовски додаде бараме решение затоа ангажираме архитекти, треба нов УП во Сопотница да се разгледа да се види што можи да се направи нека се одложи за наредна седница. Едногласно беше одложена точката за наредна седница.

***ТОЧКА 8. Годишен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година***

За годишниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја пофали работата на претпријатието совесно, домаќински, одговорно така да продолжи и во иднина. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 9. Годишен план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2024 година***

За Годишниот план за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Во врска со планот за работа и развој претседателот на Советот Љупчо Најдовски немаше забелешки, но предложи ако има можност да се воведе дополнителна линија, потоа ги запозна советниците има оствартено средсба со општина во Словенија може да се збратими со нашата општина и ќе ни донираат еден автобус. Во насока на ова може да се реализира посета на општината во Словенија. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на планот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски имаше прашање до градоначалникот
-до каде е реализацијата со канализацијата под улица Битолска и до каде е реализацијата со канализацијата во с.Белче.
Градоначалникот Никола Најдовски објасни за делот од канализацијата во Демир Хисар под улица Битолска за да се стави во функција треба да се направи технички прием, преклопување во катастар, за скоро ќе се заврши постапката.
-за канализацијата во с.Белче проблем има со препумпната станица, таа е поставена под далеководот, има барање до ЕВН дали ќе дозволат, ако ни одговорат негативно треба да се направи преместување на далеководот, исто така треба да се санираат улиците. Треба да се бара решение како е издадено одобрение за градба, како не виделе дека е под далеководот немам одговор, сега зависи од ЕВН, или ќе треба да се тргни далеководот. Треба да се разговара да се најде решение главниот проблем е со ЕВН. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде канализацијата со пумпа треба да се носи реката во Слепче, а од таму во Цена река.

Барање од ОО СБМ за доделување на средства
Советниците со 11 „за“ одлучија да се одобрат 35.000 јубилејна е оваа година.

Советничката Марина Димитријовска поднесе барање од Рудничка населба Сопотница за санација на уличното осветлување
Со 11 „за“ беше прифатено барањето да се санира уличното во рудничката населба Сопотница.
Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 286/2
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.